ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ
ОПШТИНА АЕРОДРОМ

ООУ "ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ"
Општина Аеродром, Скопје
Општинско основно училиште
ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ
lazoangelovski@yahoo.com
www.oulazoangelovski.edu.mk
Бр. 01-358/1
16.09 2026 г.
Република Северна Македонија
Општина Аеродром-Скопје

ИНТЕРЕН ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ИЗРЕКУВАЊЕ НА ПЕДАГОШКИТЕ МЕРКИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ

Врз основа на член 72 став (3) на Законот за основното образование и согласно Правилникот за начинот на изрекување на педагошките мерки („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 149 од 7.7.2026 година), Наставничкиот совет на ООУ „Лазо Ангеловски“ – Скопје, на седницата одржана на _____ година, донесе:

ПРАВИЛНИК
за начинот на изрекување на педагошките мерки за учениците

Член 1

Предмет на уредување

Со овој правилник се уредува начинот на изрекување на педагошките мерки на учениците кои не ги исполнуваат обврските и ги прекршуваат правилата на воспитно-образовната работа во ООУ „Лазо Ангеловски“ Аеродром, Скопје.

Педагошките мерки имаат воспитно-образовна цел и се преземаат со почитување на достоинството, личноста и најдобриот интерес на ученикот.

Член 2

Видови педагошки мерки

Педагошките мерки се индивидуализирани и се изрекуваат врз основа на начелата на постепеност, правичност, сразмерност и навременост.

Педагошки мерки се:

1. усна опомена;
2. писмена опомена;
3. укор;
4. преместување на ученикот во друга паралелка;
5. намалување на поведението.

Член 3

Критериуми за изрекување

При изрекувањето на педагошката мерка се земаат предвид:

1.видот и тежината на неприфатливото однесување на ученикот;

2.возраста и развојните карактеристики на ученикот;

3.претходни педагошки мерки и нивниот ефект и

4.околности кои влијаеле на неприфатливото однесување на ученикот.

ООУ "ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ"
Општина Аеродром, Скопје
Бул. "АСНОМ" бр. 192, Скопје
Тел./Факс 022 430-324
lazoangelovski@yahoo.com
www.oulazoangelovski.edu.mk

Член 4

Примена според одделението и надлежност

Педагошките **мерки усна опомена и писмена опомена** се изрекуваат на учениците **од I до V одделение.**

На учениците од **VI до IX одделение** може да им се изречат **сите видови педагошки мерки.**

Усната и писмената опомена ја изрекува одделенскиот раководител.

Укор може да изрече одделенскиот раководител, советот на предметните наставници, Наставничкиот совет или директорот, согласно надлежностите утврдени со важечките прописи.

Преместување во друга паралелка може да изрече Наставничкиот совет на предметните наставници, Наставничкиот совет или директорот.

Намалување на поведението може да изрече Наставничкиот совет или директорот.

Член 5

Педагошки мерки поради неоправдано отсуство

На ученикот може да му се изрече педагошка мерка поради **неоправдано отсуство** од наставата, и тоа:

- за неоправдано отсуство од **6 до 8 наставни часа**, се изрекува **усна опомена;**
- за неоправдано отсуство од **9 до 11 наставни часа**, се изрекува **писмена опомена**;
- за неоправдано отсуство од **12 до 14 наставни часа**, се изрекува **укор;**
- за неоправдано отсуство од **15 до 20 наставни часа**, се изрекува мерка **преместување на ученикот во друга паралелка** и
- за неоправдано отсуство **над 20 наставни часа**, се изрекува мерка **намалување на поведението.**

Неоправдано отсуство се смета отсуството кое не е одобрено или оправдано.

Член 6

Неприфатливо однесување

Неприфатливото однесување на учениците, во зависност од неговата тежина, се утврдува како лесно, тешки, потешко и особено тешко неприфатливо однесување.

Лесно неприфатливо однесување

- нарушување на воспитно-образовната работа (на пр. предизвикување неред, бучава или викање за време на наставата во училницата, ходниците, заедничките простории и училишниот двор, по усно предупредување од наставник); -
- нарушување на Кодексот на однесување на учениците за време на изведување на училишните излети, екскурзии и другите воннаставни активности на учениците;
- загадување на училишните простории и околината (на пр. фрлање отпад надвор од корпите за отпадоци);

ООУ "ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ"
Општина Аеродром, Скопје
Бул. "АСНОМ" бр. 192, Скопје
Тел./Факс 022 430-324
lazoangelovski@yahoo.com
www.oulazoangelovski.edu.mk

- оштетување на имот во училишните простории или на друго место каде што се одржува наставата со предизвикување на штета (на пр. пишување на клупа, пишување на ѕидови, уништување на училишниот инвентар);
- недозволено користење на информациски и комуникациски уреди за време на наставата;
- помагање или поттикнување на неовластени лица да влезат во училишните простории;
- поттикнување на други ученици да се вклучат во неприфатливото однесување на ученикот и
- вознемирување на учениците или вработените во училиштето или други активности што предизвикуваат непријатност кај други лица, откако ученикот е предупреден за тоа.

Тешко неприфатливо однесување

- нарушување на наставата на начин што го спречува нејзиното понатамошно извршување;
- повреда на достоинството на друго лице врз база на родово базирано насилство омаловажување, навредување или ширење невистини и гласини за друг ученик или вработен во училиштето;
- внесување или консумирање на дроги или други психотропни супстанци во училишните простории или на друго место каде што се спроведува наставата;
- доведување или помагање на неовластени лица кои предизвикале штета на лица или имот во училишните простории или на друго место каде што се спроведува наставата;
- намерно уништување на имот во училишните простории или на друго место каде што се спроведува воспитно образовната работа;
- прикривање насилни форми на однесување;

удирање, учество во тепачка и други однесувања што можат да ја загрозат безбедноста на ученикот или на друго лице, но без сериозни последици на здравјето на ученикот или на друго лице;

- користење или злоупотреба на податоци на друг ученик од педагошка документација;
- учество во игри на среќа во училишните простории или на друго место каде што се спроведува наставата и
- присвојување на туѓ имот;

Потешки неприфатливи однесувања

- провоцирање и поттикнување на насилно однесување (на пр. пренесување неточни информации што се причина за насилно однесување, скандирање пред или за време на насилно однесување, снимање на настан што вклучува насилно однесување и слично однесување);
- насилно однесување што не резултирало со сериозни последици на здравјето на ученикот или на друго лице;

ООУ "ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ"
Општина Аеродром, Скопје
Бул. "АСНОМ" бр. 192, Скопје
Тел./Факс 022 430-324
lazoangelovski@yahoo.com
www.oulazoangelovski.edu.mk

- неовластено користење на туѓи податоци за пристап до електронските бази на податоци на училиштето без нивна промена;
- кражба на предмети од друг ученик или друго лице во училиштето или кражба на имот на училиштето;
- поттикнување на говор на омраза во групата во училиштето или на социјалните мрежи;
- уништување на педагошка документација и евиденција на училиштето и
- принудување на друг ученик да се вклучи во неприфатливото однесување на ученикот или изнудување на друг ученик (на пр. изнудување пари);

Особено тешко неприфатливо однесување

- фалсификување на писмена или електронска официјална училишна документација;
- објавување на материјали, електронски или на друг начин, што резултира со повреда на угледот, честа и достоинството на друго лице;
- кражба извршена на опасен или дрзок начин, со кршење, влегување или совладување пречки за добивање на предметот.
- кражба извршена на опасен или дрзок начин, со кршење, влегување или совладување на пречки за добивање на предметот;
- внесување оружје и опасни предмети во училишните простории или на друго место каде што се одвива воспитно- образовна работа;
- загрозување на безбедноста на учениците или вработените во училиштето со употреба на оружје или опасни предмети во училишните простории или на друго место каде што се извршува воспитно-образовна работа и
- насилно однесување што резултирало со сериозни емоционални или физички последици за друго лице.

Член 7

Постапност при изрекување

За **второ евидентирано лесно неприфатливо однесување** се изрекува **усна опомена.**

За **тешко неприфатливо** однесување се изрекува **писмена опомена**.

За **потешко неприфатливо** однесување се изрекува **укор.**

За **особено тешко** неприфатливо однесување се изрекува **преместување во друга паралелка.**

Доколку и по изречен укор или преместување ученикот продолжи со истото неприфатливо однесување, може да му се изрече **намалување на поведението.**

Член 8

Воспитно-образовна цел

Педагошката мерка се изрекува со цел ученикот да се поттикне и да се откаже неприфатливото однесување и да усвои прифатливи начини на однесување согласно правилата и куќниот ред на училиштето.

ООУ "ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ"
Општина Аеродром, Скопје
Бул. "АСНОМ" бр. 192, Скопје
Тел./Факс 022 430-324
lazoangelovski@yahoo.com
www.oulazoangelovski.edu.mk

На почетокот на учебната година одделенскиот раководител ги запознава учениците и нивните родители/старатели со можноста и начинот на изрекување на педагошките мерки.

Член 9

Право на ученикот да се изјасни и информирање на родителот

Пред изрекување на педагошката мерка на ученикот му се овозможува да го изнесе своето мислење и да ги објасни околностите поврзани со однесувањето пред наставниците, стручните соработници и/или директорот.

Родителот/старателот се информира за однесувањето на ученикот и за воспитно-образовните активности и поддршката што ја презема училиштето.

Педагошката мерка може да се изрече без изјаснување на ученикот ако тој не присуствува на повиканиот разговор без оправдана причина.

Мерката може да се изрече и без претходно информирање на родителот/старателот ако тој не одговори на писмената покана од училиштето.

Усната и писмената опомена се изрекуваат во **рок од 7 дена од дознавањето за однесувањето.**

Укорот се изрекува во рок од **7 дена** од дознавањето за однесувањето.

Преместувањето во друга паралелка и намалувањето на поведението се изрекуваат во рок од **15 дена** од дознавањето за однесувањето.

Член 10

Документирање и тимска работа

Секое изрекување на педагошка мерка се заснова на педагошката документација од одделенскиот/раководителот на паралелката и евиденцијата на стручните соработници/ директорот.

Од страна на наставниците, стручната служба и директорот, пред да се предложи примена на педагошка мерка поради неприфатливото однесување на ученикот, истите соработуваат и разменуваат мислења, ги информираат и вклучуваат родителите/старателите на ученикот во процесот на наоѓање соодветно решение, а по потреба може да се побара мислење или поддршка од надлежниот центар за социјална работа.

Член 11

Број на мерки во учебната година

Усната и писмената опомена може да се **изречат најмногу двапати** во текот на една учебна година.

Доколку неприфатливото однесување продолжи, се изрекува посилна педагошка мерка.

Укорот, преместувањето во друга паралелка и **намалувањето на поведението** се прогресивни мерки и може да се изречат **само еднаш во текот** на една учебна година.

ООУ "ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ"
Општина Аеродром, Скопје
Бул. "АСНОМ" бр. 192, Скопје
Тел./Факс 022 430-324
lazoangelovski@yahoo.com
www.oulazoangelovski.edu.mk

Член 12

Писмено образложение

За секоја изречена педагошка мерка се составува писмено образложение кое содржи:

1. опис на околностите;
2. целта на мерката;
3. местото, времето и начинот на настанот;
4. последиците од однесувањето;
5. претходно преземените воспитно-образовни активности;
6. предложената помош и поддршка за ученикот.

Член 13

Времетраење и план за позитивно однесување

Педагошката мерка **важи најмногу до истекот на учебната година**, освен ако со одлуката е определен пократок период.

По истекот на мерката, училиштето со ученикот, родителот/старателот, одделенскиот раководител и стручната служба изготвува план за позитивно однесување и поддршка, со цел да се зајакне прифатливото однесување на ученикот.

Член 14

Постапување во училиштето

Одделенскиот раководител ја следи реализацијата на изречената мерка и ја координира комуникацијата со родителот/старателот и стручната служба.

За случаите што бараат дополнителна поддршка, стручната служба изготвува предлог активности, а по потреба се формира тим за поддршка.

Тимот за поддршка може да го сочинуваат најмалку двајца стручни соработници и еден наставник, а по потреба може да се вклучат и други лица и институции.

Член 15

Евиденција

Изречените педагошки мерки се евидентираат во педагошката документација и евиденцијата на училиштето, согласно прописите за водење на педагошката документација.

За постапката се користат обрасците што се составен дел на овој правилник.

Член 16

Заштита на достоинството и забрана на понижувачко постапување

Во постапката за изрекување на педагошка мерка е забрането физичко и психичко малтретирање, понижување, навредување или постапување со кое се повредува достоинството на ученикот.

ООУ "ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ"
Општина Аеродром, Скопје
Бул. "АСНОМ" бр. 192, Скопје
Тел./Факс 022 430-324
lazoangelovski@yahoo.com
www.oulazoangelovski.edu.mk

Секоја мерка треба да биде воспитно оправдана, соодветна на однесувањето и насочена кон подобрување на однесувањето на ученикот.

Член 17

Усогласување со важечките прописи

За прашањата што не се уредени со овој правилник непосредно се применуваат Законот за основното образование, Правилникот за начинот на изрекување на педагошките мерки и другите важечки прописи од областа на основното образование.

Доколку се донесат нови прописи со кои се уредува материјата поинаку од овој правилник, ќе се применуваат новите прописи, а училиштето ќе изврши усогласување на правилникот.

Член 18

Престанување на важност на претходниот интерен правилник

Со влегувањето во сила на овој правилник престануваат да се применуваат одредбите од претходниот интерен правилник на училиштето што ја уредуваат материјата на педагошките мерки, доколку се во спротивност со важечкиот Правилник на Министерството за образование и наука.

Одредбите од претходниот интерен правилник што се однесуваат на пофалби и награди не се предмет на овој правилник и може да се уредат со посебен акт на училиштето.

Член 19

Влегување во сила

Овој правилник се применува од денот на неговото усвојување/влегување во сила, согласно одлуката на надлежниот орган на училиштето и важечките прописи.

Скопје
15.09.2026 година

Директор на ООУ „Лазо Ангеловски"
м-р Магдалена Петреска

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ
ОПШТИНА АЕРОДРОМ

ООУ "ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ"
Општина Аеродром, Скопје
Бул. "АСНОМ" бр. 192, Скопје
Тел./Факс 022 430-324
lazoangelovski@yahoo.com
www.oulazoangelovski.edu.mk

ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ПЕДАГОШКИТЕ МЕРКИ

Ситуација	Мерка	Кој изрекува	Рок
6–8 неоправдани часа	Усна опомена	Одделенски раководител	до 7 дена
9–11 неоправдани часа	Писмена опомена	Одделенски раководител	до 7 дена
12–14 неоправдани часа	Укор	Надлежен орган согласно чл. 4	до 7 дена
15–20 неоправдани часа	Преместување во друга паралелка	Надлежен орган согласно чл. 4	до 15 дена
Над 20 неоправдани часа	Намалување на поведението	Надлежен орган согласно чл. 4	до 15 дена
Второ лесно неприфатливо однесување	Усна опомена	Одделенски раководител	до 7 дена
Тешко неприфатливо однесување	Писмена опомена	Одделенски раководител	до 7 дена
Потешки неприфатливи однесувања	Укор	Надлежен орган согласно чл. 4	до 7 дена
Особено тешко однесување	Преместување во друга паралелка	Надлежен орган согласно чл. 4	до 15 дена
Доколку и по изречен укор или преместување ученикот продолжи со истото неприфатливо однесување, може да му се изрече	Намалено поведение	Надлежен орган согласно чл. 4	до 15 дена

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ
ОПШТИНА АЕРОДРОМ

ООУ "ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ"
Општина Аеродром, Скопје
Бул. "АСНОМ" бр. 192, Скопје
Тел./Факс 022 430-324
lazoangelovski@yahoo.com
www.oulazoangelovski.edu.mk

ПРИЛОГ 1 – ЗАПИСНИК – ЕВИДЕНЦИЈА ЗА НЕПРИФАТЛИВО ОДНЕСУВАЊЕ

Ученик:	
Одделение/паралелка:	
Датум и време:	
Место:	
Вид на однесување:	☐ лесно ☐ тешко ☐ потешко ☐ особено тешко
Опис на настанот:	
Последици:	
Преземени воспитни активности:	
Стручен соработник:	
Потпис на родител:	

Стручна служба: _____

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ
ОПШТИНА АЕРОДРОМ

ООУ "ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ"
Општина Аеродром, Скопје
Бул. "АСНОМ" бр. 192, Скопје
Тел./Факс 022 430-324
lazoangelovski@yahoo.com
www.oulazoangelovski.edu.mk

ПРИЛОГ 2 – ПИСМЕНА ПОКАНА ДО РОДИТЕЛ/СТАРАТЕЛ

Почитуван/а _____, Ве повикуваме на разговор во ООУ „Лазо Ангеловски" – Аеродром, Скопје во врска со воочено неприфатливо однесување на ученикот:

Име и презиме на ученик:	
Одделение/паралелка:	
Датум на разговор:	
Време:	
Место:	

Целта на разговорот е запознавање со вооченото однесување, разгледување на причините и договарање соодветни воспитни мерки и форми на поддршка.

Датум: _____ Одделенски раководител:

_____

Потпис на родител/старател: _____

ООУ "ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ"
Општина Аеродром, Скопје
Бул. "АСНОМ" бр. 192, Скопје
Тел./Факс 022 430-324
lazoangelovski@yahoo.com
www.oulazoangelovski.edu.mk

ПРИЛОГ 3 – ЗАПИС ЗА ИСКАЗ НА УЧЕНИКОТ

Ученик:	
Одделение:	
Датум:	
Присутни лица:	
Мислење и став на ученикот:	
Забелешка:	

Потпис на стручен соработник: _____

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ
ОПШТИНА АЕРОДРОМ

ООУ "ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ"
Општина Аеродром, Скопје
Бул. "АСНОМ" бр. 192, Скопје
Тел./Факс 022 430-324
lazoangelovski@yahoo.com
www.oulazoangelovski.edu.mk

ПРИЛОГ 4 – ПИСМЕНО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ И ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ИЗРЕЧЕНА ПЕДАГОШКА МЕРКА

Ученик:	
Одделение/паралелка:	
Предложена/изречена мерка:	☐ усна опомена ☐ писмена опомена ☐ укор ☐ преместување во друга паралелка ☐ намалување на поведението
Датум на изрекување:	
Мерката ја изрекува:	
Место, време и начин на настанот:	
Опис на неприфатливото однесување:	
Забележани последици:	
Претходно преземени воспитни активности:	
Предложени форми на помош и поддршка:	
Родител/старател присутен	☐ да ☐ не Датум: _____
Забелешка:	

Датум: _____ Стручен соработник: _____

Потпис:_____ Одделенски раководител_____

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ
ОПШТИНА АЕРОДРОМ

ООУ "ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ"
Општина Аеродром, Скопје
Бул. "АСНОМ" бр. 192, Скопје
Тел./Факс 022 430-324
lazoangelovski@yahoo.com
www.oulazoangelovski.edu.mk

ПРИЛОГ 5 - ПЛАН ЗА ПОДДРШКА И ПОЗИТИВНО ОДНЕСУВАЊЕ

Ученик: _____
Одделение: _____
Период на следење: _____

Несоодветно однесување/потреба:
_____
_____
_____

Цели:
1. _____
2. _____
3. _____

Активности на ученикот:
_____
_____
_____

Активности на наставниците:
_____
_____

Активности на стручната служба:
_____
_____
_____

Активности на родителот/старателот:
_____
_____

Начин на следење:
_____

Резултат/забелешка:
_____

Родител _____

Одделенски раководител _____ Стручен соработник_____